Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-267 /2
година

05-05-2026

Постапувајќи по претставката бр.08-267/1 од 02.03.2026 година, поднесена од -------------------------, за сторена дискриминација против -------------------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/20), го донесе следното:

## М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на образование во областа на работата и работните односи врз -------------------од Скопје од страна на --------------------.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 02.03.2026 година лицето -------------------поднесе претставка бр. 08-267/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) за сторена дискриминација по основ на образование во областа на работата и работните односи.

Според наводите во претставката -------------------, претходно Одбор за -------------------, на лицето -------------------му го признал сертификатот од Институт за решавање на конфликти од Република Бугарија и обуката која ја поминал во Република Бугарија и донел решение со кое му ја признал обуката (иста обука, послаби услови-издадена дозвола за работа). Подносителката наведува дека нејзиниот сертификат за обука кој е издаден од истата фирма за обука од Република Бугарија плус уверение за положен испит-------------------не го признава (иста обука, подобри услови-непризнаена обука и уверение за положен испит, неиздавање на лиценца за работа). Според неа, на сите медијатори на кои им е издадена лиценца за работа имаат поминато странска обука со чие признавање и решенија од -------------------се стекнале со лиценца за работа, а немаат уверение за положен испит, ниту од Министерството за правда на Република Македонија, ниту од странство, меѓу кои се член и претседателот на -------------------, а имаат добиено лиценца за работа согласно поминатата странска обука (иста обука од странство, послаби услови-признаена обука, издадена лиценца за работа).

Подносителката понатаму наведува дека согласно добиен допис од -------------------заведен под бр.20-368/1 од 06.02.2026 година, кој е надлежен за издавање на решение за признавање на обука и уверенија за положен испит се наведува дека таа

не ги исполнува условите за издавање на дозвола за работа. Поради наведеното, смета дека има поднесено иста документација како и лицето --------------------, со тоа што таа дополнително има и уверение за положен испит по медијација и затоа смета дека е дискриминирана во однос на образованието со оглед на тоа што обуката која е идентична и која на неа не и се признава на лицето -------------------му се признава. Согласно напред изложено бара Комисијата да постапи согласно надлежности. Во прилог на претставката доставена е дополнителна документација и докази од страна на подносителката.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

За да се утврди постоење на дискриминација, потребно е да бидат исполнети следните услови: постоење на споредлива ситуација, различен третман и поврзаност на различниот третман со заштитен основ.

Во конкретниот случај, Комисијата утврди дека подносителката укажува на различен третман во постапката за признавање на обука и издавање на лиценца. Сепак од наводите и доставените докази не произлегува дека различниот третман е заснован на некој од законски заштитените основи. Имено, наводите се однесуваат на: признавање сертификати, исполнување услови за лиценцирање и постапување на надлежен орган во управна постапка. Овие прашање се однесуваат на примена на законски критериуми и на одлучување на надлежен орган, што претставува прашање од управно-правен карактер. Имајќи го предвид наведеното , Комисијата оцени дека не станува збор за споредливи ситуации, бидејќи постапките и правниот статус на двете лица се разликуваат. Имено, Комисијата утврди дека постапките за лицето (лицата) со кои подносителката се споредува се водени согласно претходната законска рамка, односно Законот за медијација кој важел во моментот на одлучувањето, Закон за медијација ( Службен весник на РМ бр.188/13,148/15,192/15 и 55/16), додека постапката во однос на подносителката се води согласно новиот Законот за медијација (Службен весник на РСМ бр.294/21).

Согласно наведеното, Комисијата оцени дека во конкретниот случај иако може да постои различно постапување, не е утврдена причинско-последична врска помеѓу таквото постапување и некој од заштитените основи.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација,
Претседател,
Душан Томшиќ

*Доставено до:*

1. *--------------------*
2. *Архива на Комисијата*